Општина Прилеп

Б - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

"ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ"
Површински коп за оникс
и травертин локалитет
"Рамна Шума"-
село Бешиште
Општина Прилеп

Ул. "Крушевски пат" бб
7500 Прилеп

Број на дозвола: 10-1410/7
29.10.2026 год.

Содржина

		Б – Интегрирана еколошка дозвола	1
		Содржина	2
		Вовед	3
		Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола	4
		Преглед на барани и доставени документи	8
		Б - Интегрирана еколошка Дозвола	9
1.		Услови	10
	1.1	Инсталацијата за која се издава дозволата	10
2.		Работа на инсталацијата	14
	2.1	Техники на управување и контрола	14
	2.2	Суровини, помошни материјали и енергенси (вклучувајќи и вода)	15
	2.3	Ракување и складирање на отпадот	17
	2.4	Преработка и одлагање на отпад	19
	2.5	Спречување и контрола на хаварии	20
	2.6	Мониторинг	21
	2.7	Престанок со работа	22
	2.8	Инсталации со повеќе оператори	23
3.		Документација	24
4.		Редовни извештаи	25
5.		Известувања	26
6.		Емисии	27
	6.1.	Емисии во воздух	27
	6.2	Емисии во почва	28
	6.3	Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)	28
	6.4	Емисии во канализација	30
	6.5	Емисии на топлина	31
	6.6	Емисии на бучава и вибрации	31
7.		Пренос до пречистителна станица за отпадни води	32
8.		Програма за подобрување	32
9.		Договор во пишана форма	32
10.		Додаток 1	34
	10.1	Писмена потврда за условот 5.1.1(известувања)	34
11.		Додаток 2	35
	11.1	Извештаи за податоците од мониторингот	35

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата.

Дозволата е издадена согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 3/25 и 124/25) за работа на инсталацијата што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Сл. весник на РМ бр.89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Рудното наоѓалиште за травертин и оникс "Рамна шума" се наоѓа во регионот на Мариово, меѓу селата Манастир и Бешиште. Комуникациските врски до наоѓалиштето се поволни од причина што скоро до самата локација патот е асфалтиран и тоа од градот Прилеп до селото Манастир, од кој се двои локален макадамски пат за селото Бешиште и кој поминува покрај локалитетот "Рамна шума". До самото наоѓалиште патот е макадамски и е прооден преку целата година. Самата локација е оддалечена на околу 3 км северозападно од селото Бешиште, а од градот Прилеп околу 40 км.

Експлоатацијата на минерална суровина травертин и оникс на локалитетот "Рамна шума" се изведува врз база на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - травертин и оникс на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште, општина Прилеп бр. 24-941/4 од 06.06.2013 година и Анекс на договорот бр.24-92/1 од 04.01.2024 година и две Дозволи за експлоатација и тоа првата е Дозвола за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште бр. 24-6410/2 од 08.11.2013година и другата Дозвола за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште бр. 31-193/13 од 09.05.2025година.

Од вкупниот концесиски простор со површина од 0,823625 [km2], експлоатацијата ќе се изведува на две експлоатациони полиња од кои првото е со површина од 0,248420 [km2] која го опфаќа експлоатационото поле дефинирано со Главниот рударски проект кој е составен дел на Дозволата за експлоатација со арх. бр 24-6410/2 од 08.11.2013год. и второто експлоатационо поле со површина од 0,222183 [km2] која го опфаќа експлоатационото поле дефинирано со Главниот рударски проект кој е составен дел на Дозволата за експлоатација со арх. бр 31-193/13 од 09.05.2025год.

Инфраструктурните објекти и плацот за паркирање на механизацијата на површинскиот коп „ Рамна шума " се сместени во рамките на експлоатационото поле и се наоѓаат во непосредна близина на откопните полиња. На платото за инфраструктурни објекти поставени се монтажни објекти – контејнери, паркинг простор за лесни возила, паркинг простор за механизација, канал за поправка на механизацијата со цистерна за собирање на маслата кои истекуваат при поправката, магацинот за масла и мазива, како и цистерна за гориво со заштитен базен и резервна цистерна за собирање на горивото во случај на хаварија, како и поставување на мобилни тоалети.

Што се однесува до ангажираната механизација во рудникот и нејзиниот избор, може да се каже дека е правилно димензионирана за обемот на работа и дека ги задоволува потребите од пооделни машини и опрема за експлоатација на оникс и травертин и е сопственост на правниот субјект "АРИНИ ФЕШН" ДООЕЛ со кого правниот субјект "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" ДОО има склучено договор за деловна соработка.

Изедувањето на рударските активности ќе се врши од страна на правниот субјект "АРИНИ ФЕШН" ДООЕЛ за што е склучен договор за деловно техничка соработка со арх.бр.03-4/1 од 01.01.2025год. приложен во Прилог 4 од Барањето.

На површинскиот коп "Рамна шума" с.Бешиште врз основа на резултатите од истражувањата и конфигурацијата на теренот извршено е проектирање на едно откопно поле и во тоа откопно поле се проекторани две работни етажи: висинска етажа Е-772 и длабинска етажа Е-764.

Суровините кои ќе се користат во површинскиот коп ќе се складираат во магацините на правниот субјект "АРИНИ ФЕШН" ДООЕЛ.

Напојувањето на копот со електрична енергија се врши преку далеководот од правниот субјект "АРИНИ ФЕШН" ДООЕЛ. Во инцидентни случаи односно при прекин на напојувањето на копот со електрична енергија од страна на електро-дистрибутивниот систем поставен е агрегат марка PERKINS (со следните технички карактеристики: Моќност: 150 kW; Номинален напон : 380 V; Фрекфенција: 50 Hz).

Технолошката вода што се користи во рудникот е атмосферска, односно водите што ќе паднат директно на површинскиот коп како и на поширокото сливно подрачје се собираат во водособирниците и цистерни. За снабдување со вода за пиење се користат канистри и автомати за вода кои се набавуваат од овластена фирма.

Во површинскиот коп за оникс и травертин „Рамна шума" с.Бешиште во текот на работата се создаваат неколку видови на цврст и течен отпад од кои дел се предаваат на овластени оператори со кои фирмата "АРИНИ ФЕШН"ДООЕЛ има склучено договор, а дел повторно се искористуваат или се депонираат како што е случајот со инертниот отпад - јаловината.

Имајќи ја во предвид технологијата за добивање на архитектонски градежен камен од локалитетот "Рамна Шума Запад", како можни извори на загадување на воздухот се: прашината која се појавува за време на дупчењето и малата количина на прашина која се појавува при работата на дијамантните жични пили. Ако се земе во предвид дека технологијата на сечење користи одредена количина на вода количината на создадената прашина е значително намалена.
Прашина се создава и при движење на механизацијата по пристапните патеки во рудникот, но количината на истата се намалува со редовно прскање на патеките со вода.

За правилно и рационално управување со отпадот во површинскиот коп за оникс и травертин правниот субјект "АРИНИ ФЕШН"ДООЕЛ има изготвено и доставено програма за управување со отпад во која се дадени локациите на кои се одлагаат наведените типови на отпад. Во инсталацијата има назначено лице одговорно за животна средина Дејан Петровски.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Дата на издавање
Нема		

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Референтен број	Дата на издавање
Нема		

Комуникација

Доколку сакате да комуницирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата.
За било каква комуникација, контактирајте со Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина Општина Прилеп, на адреса ул"Прилепски бранители" бб, 7500 Прилеп, Република Северна Македонија.

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган.
Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно одредбите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55 став (2) точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Измени во Дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и постапката за измена на Б-интегрирана еколошка дозвола по барање на носителот на дозволата и по службена должност утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола (Сл. весник на РМ бр.112/14, 42/16).

Надлежниот органот континуирано ќе ги контролира условите утврдени во дозволата и доколку е потребно по службена должност ќе покрене постапка за измена на дозволата.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина и во согласност со член 12 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола (Сл. весник на РМ бр.112/14, 42/16).

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управување со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Одземање и престанок на дозволата

Оваа дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдени во согласност со Законот за животна средина и во согласност со член 15 и 16 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола (Сл. весник на РМ бр.112/14, 42/16).

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање Бр.	Добиено	
Барање за добивање на БИЕД Бр. 10-2647/1	30.10.2025 година	Доставено е барање за добивање на БИЕД до Надлежен орган
Известување за уплата на административна такса бр.10-2647/2	11.12.2025 година	Доставено до Операторот "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО с.Бешиште Локалитет Рамна шума
Записник за извршен увид на лице место Бр.10-1410/1	19.06.2026 година	Одржан е работен состанок меѓу операторот и претставници на Надлежен орган во врска утврдување на состојбата со инсталацијата и проверка на податоците содржани во барањето
Решение за надоместок при поднесување на барањето за БИЕД Бр. 10-1410/2	22.06.2026 година	Пресметан и поднесен надоместок до операторот за поднесување на Барање за добивање на БИЕД Доставено до Операторот "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО с.Бешиште Локалитет Рамна шума
Известување за објава на барањето за БИЕД во дневен печат Бр.10-1410/3	23.07.2026 година	Доставено до Операторот "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО с.Бешиште Локалитет Рамна шума
Објава на Барањето во дневен печат	29.07.2026 година	Објавено во „Нова Македонија" и на веб страната на Општина Прилеп
Изготвена е Нацрт БИЕД бр.10-1410/4	18.09.2026 год.	
Известување за објава на Нацрт БИЕД бр.10-1410/5	18.09.2026 год.	Доставено до Операторот "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО с.Бешиште Локалитет Рамна шума
Нацрт БИЕД е објавено во дневен весник и веб страната на општина Прилеп	25.09.2026 год.	Дневен печат Нова Македонија Веб страна на општина Прилеп
Решение за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.10-1410/6	29.10.2026 год.	Доставено до Операторот "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО с.Бешиште Локалитет Рамна шума
Изготвена е БИЕД бр.10-1410/7	29.10.2026 год.	Доставено до Операторот "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО с.Бешиште Локалитет Рамна шума

Б-Инегрирана еколошка дозвола

Број на дозвола: 10-1410/7

Градоначалникот на Општина Прилеп во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина (Сл. весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 3/25 и 124/25), ја овластува

"ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ"
Површински коп за оникс и травертин
локалитет "Рамна Шума"- село Бешиште
Општина Прилеп

Со регистрирано седиште на

Ул „Крушевски пат" бб
7500 Прилеп
Република Северна Македонија
Број на регистрација на компанијата: ЕМБС 6599834

да раководи со инсталацијата

Друштво за производство, трговија и консалтинг "ЕЛЕКТРО ДЕВЕТ" увоз-извоз ДОО
Површински коп за оникс и травертин локалитет "Рамна шума" с.Бешиште ,
Општина Прилеп
Ул „Крушевски пат" бб
7500 Прилеп
Република Северна Македонија
Број на регистрација на компанијата: ЕМБС 6599834

Во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

(Дејан Проданоски)

Овластен да потпише во име на Надлежниот орган за животна средина

Датум

Услови

1. Инсталацијата за која се издава дозволата

1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1

Табела 1.1		
Активност од Прилог 2 од Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план	Опис на наведената активност	Граници на наведената активност
Прилог 2, Индустрија за минерали, Точка 3.2 Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, доколку не се опфатени со Прилог 1 од оваа Уредба	Експлоатација на минерална суровина травертин и оникс на локалитет РАМНА ШУМА с.Бешиште Општина Прилеп	Активностите на инсталацијата ќе се одвиваат само во границите како што се прикажани во барањето на Слика 3 Граници на концесиското поле на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот РАМНА ШУМА Табела 1 Координати на граничните точки на концесиското поле согласно Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - травертин и оникс на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште, општина Прилеп бр. 24-941/4 од 06.06.2013 година и Анекс на договорот бр.24-92/1 од 04.01.2024 година и две Дозволи за експлоатација и тоа првата е Дозвола за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште бр. 24-6410/2 од 08.11.2013година и другата Дозвола за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште бр. 31-193/13 од 09.05.2025година.

1.2 Активностите во условите 1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на планот Табела 1.2

Табела 1.2

Документ	Место во документацијата
Барање за добивање БИЕД бр.10-2647/1 од 30.10.2025 год.	Барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола: Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - травертин и оникс на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште, општина Прилеп бр. 24-941/4 од 06.06.2013 година и Анекс на договорот бр.24-92/1 од 04.01.2024 година и две Дозволи за експлоатација и тоа првата е Дозвола за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште бр. 24-6410/2 од 08.11.2013година и другата Дозвола за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот "Рамна шума" с. Бешиште бр. 31-193/13 од 09.05.2025година.



Граници на концесисикото поле на минерална суровина травертин и оникс на локалитет "РАМНА ШУМА"

Точка	Координата Y	Координата X
Т-1	7 563 125	4 557 000
Т-2	7 563 000	4 557 000
Т-3	7 563 000	4 557 500
Т-4	7 564 150	4 557 680
Т-5	7 564 500	4 557 500
Т-6	7 564 500	4 557 300
Т-7	7 563 985	4 557 300
Т-8	7 563 985	4 557 114
Т-9	7 563 841	4 557 099
Т-10	7 563 470	4 556 850
Т-11	7 563 500	4 556 700
Т-12	7 563 170	4 556 700
ПОВРШИНА: P = 0,823625 km^2		

Координати на граничните точки на концеското поле

Од вкупниот концесиски простор со површина од 0,823625 [km2], експлоатацијата ќе се изведува на две експлоатациони полиња од кои првото е со површина од 0,248420 [km2] која го опфаќа експлоатационото поле дефинирано со Главниот рударски проект кој е составен дел на Дозволата за експлоатација со арх. бр 24-6410/2 од 08.11.2013год. и второто експлоатационо поле со површина од 0,222183 [km2] која го опфаќа експлоатационото поле дефинирано со Главниот рударски проект кој е составен дел на Дозволата за експлоатација со арх. бр 31-193/13 од 09.05.2025год.

1.3 Носителот на Б-интегрирана еколошка дозвола/оператор на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени со оваа дозвола, согласно пропишаните рокови од страна на Надлежниот орган и согласно програмата за подобрување.

1.3.1 По добивањето на Б-Интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен редовно да врши плаќање на годишниот надоместок за поседување на Б-Интегрирана еколошка дозвола и годишен надоместок за извршен редовен надзор. Начинот и рокот на плаќање на надоместокот ќе биде утврден со налог. Неплаќање на надоместокот ќе претставува услов за одземање на Дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.3.2 Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето, согласно Законот за животната средина (Сл. весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 3/25 и 124/25) и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.3.3 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува а емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола.

1.3.4 Сите мерки, планови и програми кои треба да се извршат според условите во Дозволата стануваат составен дел на оваа дозвола

1.3.5 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во Барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.3.6 Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за проверка на евентуално загадување.

1.3.7 Б-Интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 (седум) години, сметајќи од денот на издавање на Дозволата. Истата подлежи на ревизија при што доколку има потреба условите зададени во неа ќе се изменат.

1.3.8 Операторот на инсталацијата е должен една година пред истекот на рокот на важност на Дозволата да поднесе барање до Надлежниот орган за обнова на Дозволата.

2. Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во Барањето за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе ја контролира обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата

2.1.3 Назначено лице за прашањата и потребите од областа на животната средина е Дејан Петровски. Надлежниот орган ќе биде известен во писмена форма за секоја промена на назначеното одговорно лице.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе достави копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа Дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.10 Операторот ќе ги складира сите материјали, вклучувајќи суровини и отпад на места соодветни за таа намена. Сите места на кои ќе се врши складирање треба да бидат соодветно означени, заштитени и одржувани.

2.1.11 Утоварот и истоварот на материјалите треба да се врши на означени локации.

2.2 Суровини, помошни материјали и енергенси (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма

Табела 2.2.1 Суровини,помошни материјали,енергенси (вклучувајќи и вода)

Опис	Документ	Дата кога е применo
ОСНОВНИ СУРОВИНИ	Барање бр.10-2647/1, Поглавје IV	30.10.2025 година
Комерцијални блокови оникс и томболони		
ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ		
Индустриска вода		
Прашкаст експлозив		
Детонаторски фитил		
Бавногоречки фитил		
Рударски каписли		
Моторно масло SAE 10W40 SAE 20W50		
Худраулично масло SAE 10		
Худраулично масло SAE 90		
Нафта		
Антифриз (доминира етилен гликол)		

Маст за подмачкување (Lis)		
Електрична енергија		
Дијамантска жица		
Моноблок бургии		
Видии за ланчана пила		
Санитарна вода и вода за пиење		
Техничка вода		

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините во посебни простории за таа намена во регулирани услови (температура, влажност и др)

2.2.3 Сите суровини односно садови за чување на суровините ќе бидат јасно означени за да се знае нивната содржина.

2.2.4 Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат

2.2.5 Ракувањето со суровините и хемикалиите, посебно со средствата за чистење и дезинфекција ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатството за безбедно ракување со материјали (Material Safety Data Sheet) и за нив ќе се води евиденција. Операторот ќе ги чува овие средства во количини согласно потребите

2.2.6 Операторот ќе користи средства за чистење и дезинфекција на производниот погон кои нема да имаат штетно влијание на животната средина

2.2.7 Садот и резервоарот во кои се држат запалливи течности односно гасови мораат да одговараат на техничките услови пропишани за соодветниот вид на запална течност односно гас

2.2.8 Садот, резервоарот односно инсталацијата, во кои се држат односно пренесуваат запални течности или гасови, ако пропуштаат запаллива течност или гас, се отстрануваат од употребата се додека не сè доведат во исправна состојба

2.2.9 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност.

2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира Отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелата 2.3.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

2.3.2 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамки на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпадоци.

2.3.4 Отпадот да се категоризира согласно Листата на видови на отпад, јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување.

Табела 2.3.1 Ракување и складирање на отпадот

Опис	Документ	Дата кога е примено
Цврст отпад	Барање за добивање Б -интегрирана еколошка дозвола бр.2647/1, Поглавје V	30.10.2025 година
Јаловина		
Комунален отпад		
Отпадни гуми		
Акумулаторски батерии		
Истрошени метални делови од механизација и опрема		
Отпад од пакување филтер за масло		
Течен отпад		
Отпадни масла и масти		

Отпадот по отпочнување со работа ќе се отстранува преку правниот субјект "Арини фешн" ДООЕЛ за што е склучен договор за деловно техничка соработка со арх.бр.03-4/1 од 01.01.2025год. приложен во Прилог 4 од Барањето.

Табела 2.3.2 Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	**Место на складирање на самата локација**	**Начин на складирање**	**Услови на складирање**
Цврст отпад			
Инертен отпад јаловина	Одлагање на одлагалиште	Одлагање на одлагалиште	Дел се дроби до фракции за понатамошна упореба дел ќе се рекултивира
Комунален отпад	Одлагање во контејнери	Одложување до превземање	Договор со ЈКП Комуналец бр.04- 347/1 од 04.11.2021
Отпадни гуми	Одложување до превземање	Одложување до превземање	Ќе се склучи договор со овластена институција
Акумулаторски батерии	Одлагање во контејнери	Одложување до превземање	Се предава на овластена институција Договор Даскало ДООЕЛ бр.0307/49 од 22.09.2022
Метални делови од механизација и опрема	Одложување до превземање	Одложување до превземање	Се предава на овластена институција Договор Даскало ДООЕЛ бр.0307/49 од 22.09.2022
Отпад од пакување филтер за масло	Одлагање во контејнери	Одложување до превземање	Се предава на овластена институција Договор со Ауто Хаус Заковски бр.01-1098/2018 од10.08.2018
Течен отпад			
Отпадни масла и масти	Одложување до превземање	Одложување до превземање	Се предава на овластена институција Договор со Ауто Хаус Заковски бр.01-1098/2018 од10.08.2018

2.3.5 Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените компании за превземање на сите видови отпад.

2.3.6 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во Договорите за превземање на отпад.

2.3.7 На операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.3.8 Надвор од локацијата, во непосредна близина, не смее да има отпад по потекло од операторот.

2.3.9 Доколку предвидените количини на создадениот отпад, се согласно член 27 став 1 од Законот за управување со отпад (Службен Весник на РСМ бр.216/21) операторот ќе изготви програма за управување со отпад. Согласно член 29 став 1 од истиот закон, годишниот извештај за нејзино спроведување, ќе го доставува до стручниот орган, најдоцна до 31 јануари во тековната година, за претходната година. Согласно член 48 став 1 од истиот закон, операторот ќе назначи стручно оспособено лице – управител со отпад кој има овластување за управител за отпад.

2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и одлага Отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1 или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган

Табела 2.4.1 Искористување и отстранување на отпадот

Опис	Документ	Дата кога е примено
Цврст и течен отпад	Барање за добивање Б -интегрирана еколошка дозвола бр.2647/1, Поглавје V	30.10.2025 година

2.4.2 Се забранува истурање, фрлање, горење или согорување на било каков вид на отпад.

2.4.3 Отпадот кој се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со националното законодавство.

2.4.4 За отпадот кој е наменет за транспорт, операторот ќе издава идентификационен формулар и кон него ќе приложи извештај за карактеристиките на отпадот.

2.4.5 Се забранува мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад.

2.4.6 Во случај на појава на опасен отпад кај инсталацијата, операторот е должен да води евиденција за опасниот отпад од Законот за управување со отпад (Службен Весник на РСМ бр.216/21)

2.4.7 Во случај на појава на опасен отпад кај инсталацијата, договорот за собирање и транспортирање на опасен отпад ќе се склучи со правно лице кое поседува дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад.

2.4.8 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

- Имиња/називи на собирачите на отпад;
- Името/називот на лицата кои се одговорни за крајното одлагање / рециклирање на отпадот;
- Крајна дестинација на отпадот;
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;
- Тонажи и МК код за отпадните материи.

2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија		
Опис	**Документ**	**Дата кога е применo**
Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи	Барање за добивање Б -интегрирана еколошка дозвола бр.2647/1, Поглавје V	30.10.2025 година

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,
- Идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,
- Го забележи датумот на несреќата.
- Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти.

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Преземените вонредни мерки.

2.5.4 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.5 Операторот ќе ги направи достапни до јавноста информациите за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија.

2.5.6 Операторот е должен за настаната хаварија, веднаш, да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Прилеп, согласно член 151 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22, 3/25 и 124/25).

Дополнителни услови:

2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган

Табела 2.6.1 Мониторинг

Опис	Документ	Дата кога е примено
Мерење на бучава	Барање за добивање Б -интегрирана еколошка дозвола бр.2647/1, Поглавје V	30.10.2025 година
Квалитет на амбиентален воздух	Барање за добивање Б -интегрирана еколошка дозвола бр.2647/1, Поглавје V	30.10.2025 година

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а) безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

б) безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според пропишаните стандарди за анализа на примероците.

2.6.4 Се задолжува операторот редовно да доставува Извештај од извршените мерења од мониторингот што ќе го врши било која овластена лабораторија акредитирана за мерења на сите параметри наведени во дозволата. Извештаите по службен пат редовно да се доставуваат до Општина Прилеп, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.7.1 Престанок со работа

Опис	Документ	Дата кога е примено
Ремедијација	Барање за добивање Б -интегрирана еколошка дозвола бр.2647/1, Поглавје V	30.10.2025 година

2.7.2 Согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на РМ" бр.112/14 и 42/16), операторот ќе го извести Надлежниот орган за намерата за престанок со активноста, при што ќе достави детален план за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени во оваа дозвола и финансиски импликации.

2.7.3 Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот,
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина,
- Програма за постигнување на наведените критериуми,
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животна средина.

2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само 1 (еден) оператор.

2.8.2 Дозволата е валидна за сите објекти и опрема кои работат во склоп на инсталацијата

3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел;
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи;
- да бидат направени што е можно побрзо;
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата

3.1.6 За целиот примен и создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува за време на рокот на важност на Дозволата, како и пет години по престанокот на важноста) за:

- составот на отпадот или онаму каде што е можно, опис;
- најдобра проценка на количината на создаден отпад;
- трасата на транспортот на отпадот за одлагање; и
- најдобра проценка на количината на отпад испратен за преработка

3.1.7 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и краткото резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.8 Операторот е должен да ги чува следниве документи на локацијата:

- Дозволи поврзани со инсталацијата;
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување извршени во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот друг мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата;
- Целата коресподенција со Надлежниот орган.

3.1.9 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба во најкраток можен рок да го извести Надлежниот орган за инцидентот и да му поднесе евиденција за истиот.

3.1.10 Во случај на користење на опасни супстанции во инсталацијата, (член 5 од Правилникот за опасни супстанции, гранични вредности-прагови за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна – Службен Весник на РМ бр.25/10), операторот е должен да изготви План за вонредни состојби , согласно член 154 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22,3/25 и 124/25).

4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д 2 во Додаток 2:

а) во однос на наведените емисиони точки

б) за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат;

в) давањето на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели ;

г) испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 14 дена;

д) сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување :

а) кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција

б) кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување.

в) кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г) било каква несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо,за секое од следниве:

а) перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација, за која се издава дозволата;

б) престанок на работата на дел или целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолг од 1 година; и

в) повторно стартување на работата на некој дел или на целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот со известување според 5.1.3 (б)

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а) било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрираната канцеларија;

б) промена на податоците за холдинг компанија на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа).

в) за активностите кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

6 Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1 ќе потекнат само од извор(и) наведени во таа Табела.

Табела 6.1.1 Емисии во воздухот

Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Локацијата на точката на емисијата
ММ1	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
ММ2	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
ММ3	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
ММ4	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
ММ5	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
Дизел агрегат (ММ6)	Мотор со внатрешно согорување	На одредена локација на инсталацијата

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од Табела 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување, во поглавје 8 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2 на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

Табела 6.1.2 Граници на емисиите во воздух		
Параметри	**Ознака на точка на емисија**	**Фреквенција на мониторинг**
Суспендирани цврсти честички во воздухот со големина до 10 микрометри PM_{10}	50 μg/m^3	Еднаш годишно Во период кога се врши ископ
CO	650 mg/m3	Еднаш годишно Во период кога се врши ископ
NOx	200 mg/m3	Еднаш годишно Во период кога се врши ископ

6.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.6 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки на перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.7 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва.

Табела 6.2.1 Точки на емисија/мерни места во почва		
Ознака на точка на емисија/мерно место	**Извор**	**Фреквенција на мониторинг**
	Нема емисии во почва	

6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисиите во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

Табела 6.3.1 Точки на емисија во вода (различна од емисии во канализација)		
Ознака на точка на емисија	**Извор**	**Количество**
	Нема емисии	

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.3.4 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

Табела 6.3.2 Граници на емисија во вода			
Параметар	**Точка на емисија**		**Фреквенција на мониторинг**
	До(датумот) на издавање на дозвола	Од (датумот) на издавање на дозвола	
	Вредност	Вредност	

6.3.5 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата. Со оглед на тоа што нема емисии во вода, табелата 6.3.2 не е пополнета.

6.3.6 Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција – неприменливо со оглед на тоа што нема емисии во вода од предметната инсталација на Операторот.

6.3.7 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површинските води.

6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација		
Ознака на точката на емисија	**Извор**	**Канализација**
	Инсталацијата нема канализација	

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување на поглавјето 8 од оваа Дозвола

Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација			
Параметар	**Точка на емисија**		**Фреквенција на мониторинг**
	До(датумот) на издавање на дозвола	Од (датумот) на издавање на дозвола	
	Вредност	Вредност	

6.4.4 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание врз нејзиното одржување.

6.4.5 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата

6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Нема емисии на топлина

6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство – Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/09), Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/08) и Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08), табела 6.6.1

Табела 6.6.1 Емисии на Бучава dB (A)

	$L_д$(dBA)	$L_в$(dBA)	$L_н$(dBA)
Подрачје: Подрачје од IV степен	70	70	60

Табела 6.6.2 Емисии на бучава

Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Локацијата на точката на емисијата
MM7	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
MM8	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
MM9	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/
MM10	Рударски операции-во кругот на површинскиот коп	/

6.6.2 Операторот ќе врши мерење на нивоата на бучавата на локацијата еднаш годишно на мерните места определени во табела 6.6.2.

6.6.3 Нивото на емисиите на бучавата нема да ја надмине границата од 70 dB (преку ден) и 60 dB (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата, согласно пропишаната граница на дозволена бучава во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на РМ" бр. 147/08) и Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/09) (согласно табела 6.6.2).

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1 Пренос до пречистителна станица за отпадни води нема.

8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

Табела 8.1.1 Програма за подобрување

Ознака	Мерка	Датум на завршување
8.1	Мерење на цврсти ПМ10 честички и на ниво на бучава	еднаш годишно во текот на периодот на работата на површинскиот коп
8.2	Рекултивација на завземеното земјиште на површинскиот коп за оникс и травертин „Рамна Шума "	По завршување на експлоатацијата на секоја работна етажа- Предвидена дата за завршување на реализација - нема

8.1.2 Операторот ќе ја спроведува Програмата за подобрување која е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството (или како што е друго договорено написмено) се користи во услов на дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а) Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола и

б) Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1. и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

Материјална промена или зголемување на:

- Природата или количината на било која емисија
- Опсег на процесите што се изведуваат
- Суровините,меѓупродуктите,продуктите или создадениот отпад, или

Било каква промена на:

- Инфраструктурата,
- На управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина.

Ќе се изведуваат или ќе започнат со претходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

10 Додаток 1

10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи:

Дел А

☐ Име на операторот.
☐ Број на дозвола.
☐ Локација на инсталацијата.
☐ Датум на доставување на податоци.
☐ Време, датум и локација на емисијата.
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.....
☐ Потпис ☐ Датум
☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

11 Додаток 2

11.1 Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 1.1.2 од оваа Дозвола, се наведени во Табела Д2

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот

Параметар	Точка на емисија	Период за давање извештаи	Почеток на периодот
Концентрација на $ПМ_{10}$ честички	Од мапата за мерни точки **ММ1- ММ5**	Еднаш годишно	До 01.09.
Загадувачки супстанции од издувни гасови на дизал агрегат	**ММ6** - Локација каде е поставен агрегатот	Еднаш годишно	До 01.09.
Мониторинг на бучава	Од мапата за мерни точки **ММ7 – ММ10**	Еднаш годишно	До 01.09.
Евиденција на инциденти	На место на инцидентот	Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот	Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот

Фреквенцијата на мониторинг може да се промени по писмено барање на операторот или надлежниот орган, а во зависност од условите на теренот и интензитетот на работа.